**20210971481**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 52 став (2) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

## ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА 2021 ГОДИНА

I. Со оваа програма се пропишуваат подрачјата, пот- подрачјата и темите за обуките за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2021 година, и тоа:

1.Работа со учениците

1.1.Поддршка на учениците во учењето

- Откривање, превенција и отстранување на причините за неуспех на учениците во училиштето.

1.2.Следење и поддршка на развојот на учениците

- Форми на работа за личен раст и развој на учениците и поддршка на учениците во кризни ситуации.

1.3.Професионална и кариерна ориентација на учениците

- Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој.

2. Работа со наставниците

2.1. Поддршка на наставниците во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата

- Индивидуализација и диференцијација како модел на наставна пракса, во работата со надарени и талентирани ученици и ученици со посебни образовни потреби и

- Фактори на успешна настава.

2.2 Поддршка на наставниците во работата со учениците

- Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо- емоционална клима на час.

2.3 Поддршка на наставниците во работата со родителите

- Стратегии за вклучање на родителите и нивна активна улога во процесот на поттикнување на развојот на учениците.

3. Работа со родителите

3.1.Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите

- Советодавна работа со родители.

3.2.Едукација на родителите

- Влијанието на училиштето врз подигнување на образовната функција на семејството.

3.3 Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето

- Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, сајбернасилство и сл.

4.Соработка со заедницата

4.1.Соработка со локалната заедница

- Форми на соработка со општината.

4.2.Соработка со стручни институции и организации

- Инклузивно образование во пракса.

5.Професионален развој и професионална соработка
5.1.Личен професионален развој
- Професионален развој на стручните соработници во училиштата.
5.2.Поддршка на професионалниот развој и професионална соработка во училиштето
- Тимска работа и форми на соработка во училиштето во функција на подигнување на квалитетот на воспитно- образованата работа.
6.Аналитичко- истражувачка работа
6.1.Анализа и проценка на воспитно- образовната работа
- Анализа на состојбите во училиштето.
6.2.Истражување на воспитно- образовната работа
- Акциско истражување во функција на подобрување на квалитетот на наставата и учењето.
7.Училишна структура, организација и клима
7.1.Училишна структура и организација
- Самоевалуација на училиштето и развојните промени во училиштето.
7.2.Училишна клима, безбедна средина и демократско учество.
- Демократски вредности во образованието.
II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-6927/1
27 април 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.